# КЛИЕНТСКА АПЛИКАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКИНГ ПРОСТОР

КОРИСНИЧКО УПАТСТВО

БИЗНИС ИНФОРМАЦИОНИ СИСТЕМИ

## 1. Вовед

SMSParkingPrilep е корисничка апликација наменета за користење на паркинг простор во град Прилеп. Со помош на оваа апликација плаќањето се врши лесно и брзо со одбирање на едно од возилата кои ги користите и зоната каде го паркирате возилото и притискање на копчето Паркирај.

По инсталирањето на апликацијата во мобилниот апарат во кој има валидна SIM картичка преку која се врши плаќањето, внесете ги возилата кои ги користите.




## 2. Како да внесам возило?

Отворете ја апликацијата и кликнете на Возило по што ќе се отвори следното прозорче. Во полето Име на Возило, внесете го возилото кое го користите и регистрацијата од возилото.







Потоа кликнете на копчето + по што ќе се додаде во листата како што е прикажано на сликата




Во листата може да додадете повеќе возила од кои при паркирање ќе може да изберете едно од нив.

## 3. Како да одберам зона за паркирање?

- Зоната за паркирање одберете ја од листата со веќе внесени зони.




- Зона за паркирање може да одберете од мапата со обележани паркинг зони со кликнување на зоната од мапата. Мапата може да ја отворите со кликање на иконата и ќе се отвори мапа со обележани зони за паркирање.



## 4. Како да извршам плаќање на закупен паркин простор?

Одберете Возило кое ќе го паркирате од листата со возила.

Одберете Зона за паркирање каде што ќе се паркирате од листата на зони за паркирање.




Притиснете на копчето   за да започне сесијата за паркирање. Потоа ќе добиете порака од Вашиот оператор дека услугата е наплатена соодветно според зоната.




## 5. Како да видам каде се наоѓаат зоните за паркирање?

Стартувајте ја апликацијата и во горниот десен агол кликнете на иконата  и ќе се отвори мапа со обележани зони за паркирање.




## 6. Како да видам историја на паркирање?

Стартувајте ја апликацијата и во горниот десен агол кликнете на иконата  и ќе се отвори листа со завршени паркирања

